**ИЗВЕШТАЈ**
**ПРОЕКТ СЕВЕРОИСТОЧНАТА ГРАНИЦА ПОМЕЃУ ПАЈОНИЈА И ТРАКИЈА ДО КРАЈОТ НА 6 ВЕК ПРЕД Н.Е.**
**(ГОРНА СТРУМА – РЕГИОН НА ПЕРНИК И ДУПНИЦА)**

1. Податоци за носителот на проектот:

- Носител на проектот:

**Универзите Гоце Делчев , Штип :**
**Крсте Мисирков б.б Штип**
**БДС 6237320; Облик на организирање 02.1; Претежна дејност 85.42**
**Решение бр. 3012007008174 од 13.06.2007година**
**Одговорно лице: Проф. д-р Блажо Боев**
**Лице за контакт: Проф. д-р Трајче Нацев**
**Стручен раководител на истражувањето: Проф. д-р Трајче Нацев**

2. Податоци за истражувачкиот тим

**Стручен тим**

Проф. д-р Трајче Нацев – раководител.
Проф.д-р Бошко Анегловски – член на стручен тим.
д-р Драган Веселинов – член на стручен тим.
д-р Веселин Хаџијангелов, член од Историски Музеј на град Самоков, Р.Бугарија.
Филип Михаљов, член од Историскиот Музеј на град Перник, Р.Бугарија.

3. Приказ на применетата методологија, организацијата и условите на истражувањата

Во периодот помеѓу 01.10.2020 до 20.10.2020 година извршена е детекција на археолошки локалитети и истражувања во депото и постојаната поставка на Музејот во Перник. Истражувањето се одвиваше во две фази. Во првата фаза, истражувањето го изврши д-р Веселин Хаџијангелов, детектирајќи археолошки локалитети во атарот на Перник, кои би помогнале за решавањето на североисточната граница помеѓу Пајонија и Тракија. Во втората фаза, извршено е панорамско фотографирање, мапирање и

картирање на локалитетите кои припаѓаат на железнодопскиот период и истражување во депоата и постојаната археолошка поставка во Музејот во Перник.

4. Првични резултати и сознанија

Во рамките на истражувањата констатирана е поголема концентрација на локалитети кои припаѓаат на железното време од 8 до 6 век пред н.е., како резултат на високата концентрација на железна руда во околината на Перник:




Сл.1 Панорамска фотографија на локации на археолошки локалитети во Горна Струма во околината на Перник, кои припаѓаат на временската рамка од 8 до 6 век пре н.е.

***1.Археолошки локалитет Кракра, Перник (Сл.1/1)***

Археолошкиот локалитет се наоѓа на еден доминантен рид, југозападно од Перник, познат кај граѓаните како Кракра или уште како средновековно утврдување. Врз основа на досегашните археолошки истражувања, констатирани се два културни хоризонти од средновековниот период и од раното железно време. Керамичката колекција која припаѓа на железнодопскиот период, врз основа на декорацијата припаѓа на басараби стилот. Исто така и металните наоди од овој период не влегуваат во рамките на пајонската култура.

***2.Огненова могила, Перник (Сл.1.2)***

Могилата  се наоѓа на 350 м северозападно од ридот Кракра. Во рамките на истражувањето откриени се повеќе вкопани гробови. Во рамките на истражувањето на могилата откриени се фрагменти од керамика, кои не припаѓаат на пајонската култура.

***3.Археолошки локалитет, Радина Чешма (Сл.1.4)***

На овој локалитет, фрагментиранаta керамика, иако не во голема концентрација, од раното железно време се среќава на површина од околу 5 хектари. Карамиката е без видливи белези кои би припаданале на керамичката продкуција на Пајонците.

***4.Археолошки локалитет Цркав, Перник (Сл...6 и 7)***

Откриено светилиште, кое врз основа на откриените наоди е сместено во периодот на доцната бронза – рано железно време. Имено на двете возвишенија на планината Лољин откриени се : лак од лачна фибула, сместен во хронолошка рамка на 8-7 век и фрагмент од украс на колан, сместен во рамката на 7 – 6 век.

***5.Археолошки локалитет, помеѓу Радина чешма и Кракра, Перник(Сл.1.10)***

Локалитетот се наоѓа помеѓу локалитетите Радина Чешма и Кракра. На локалитетот откриена е ќерамика која припаѓа на железното време од 8 до 6 век пред н.е, но не припаѓа на Пајонската култура.

Во блиската околина на Перник, откриени се уште неколку локалитети (Св.Ана Сл.1.3; Исток Сл.1.8-9; Татомир Сл.1,3 и 5), кои се поврзани со рударњето. Керамиката од овие локалитети не припаѓа на Пајонската култура.

По течението на река Струма, во регионот кој административно припаѓа на Перник, констатирани се уште неколку локалитети кои припаѓаат на железното време.

***6.Археолошки локалитет Св.Петар, село Долна Секирна, област Перник (Сл.2).***

Археолошкиот локалитет Св.Петар е лоциран во јужниот дел на Ерулската планина, во атарот на село Долна Секирна, а врвот се наоѓа помеѓу селата Долна и Горна Секирна.

При археолошки истражувања на локалитетот, покрај римска керамика, откриена е и фрагментирана садова ќерамика, која припаѓа на железното време 8-6 век. Врз основа на декорацита на ќерамиката, таа е слична со ќерамиката од локалитетот Кракра и припаѓа на т.н. Басараби стил, и влегува во хронолошката рамка на развиеното железно време (8-6 век пред н.е.). Овој тип на ќерамика не припаѓа на

пајонската ќерамика, туку истата е типична за еден голем регион кој ја зафаќа територијата на Горна Струма во Р.Бугарија, потоа Североисточна Македонија( Горна Пчиња во атарот на Куманово) и дел се среќава на локалитетите на територијата на Јужна Морава во Р. Србија.



Сл. 2 Панорама на  археолоши локалитет Св.Петар село Секирна

***7. Железнодпска некропола, Клн,  село Врабча, област Перник (Сл.3).***

Локалитетот се наоѓа меѓу планините Гребен и Завалска, близу до границата со Р.Србија. На локалитетот се регистрирани голем број на камени могили, кои потсеќаат на пајонските мали могили на археолошкиот локалитет Горно Поле (уништени со разорувањето на површината за нови лозови насади во периодот од 1992 до 1995 година од страна на ЗИК Црвена Звезда –Штип).  Во рамките на археолошки истражувања на една од могилите,бил откриен движен археолошки материјал (метални и фрагменти од ќерамика). Фрагментираната ќерамика, припаѓа на веќе споменатиот басараби стил.



Сл.3 Панорама на археолошки локалитет Клн село Врабча - Перник

***8.Археолошки локалитет Чуката, село Галабник, област Перник.***

Локалитетот претставува неолистка населбинска могила, која подоцна во средновековниот период, секунадарно, била искористена како некропола.

При истражувањето на могилата бил откриен керамички материјал кој припаѓа на железнодпскиот период. По анализата на материјалот, констатиравме дека истиот не припаѓа на пајонската култура, која воедно е и наша цел.



Сл.4 Панорама на археолошки локалитет Чуката село Галабник – Перник

9. Археолошки локалитет Дрен-Дељан, Перник, Сл.5

Локалитетото претставува некропола која припаѓа на периодот од доцната бронза се до крајот на 6 век пред н.е. На некрополата откриен е голем број на керамички садови и метални предмети. Врз основа на проучувањата од страна на колегите од музејот во перник, истите се сместени во хронолошка рамка од 10 до 6 век пред н.е., но истите врз основа на формите и декорацијата не влегуваат во ареалот на пајонската култура.



Сл.5. Панорама на археолошки локалитет Дрен-Дељан, Перник, Сл.5

Во регионот на Дупница, во првата фаза од истражувањето, не се констатирани археолошки локалитети кои припаѓаат железното време. Исто така поради ремоделирање на археолошката поставка во музејот во Дупница, не бевме во можност да истражуваме во музејот.

***Избор на теренска документација*** (во прилог фотографии (од локалитетот Дрен – Дељан) од поставката и предмети од депото на музејот во Перник):



Сл.6 Урна



Сл.7 Урна



Сл. 8 Тордиран лак од бронзена фибула



Сл.9 Бронзена апликација –Птица



Сл.10 Железен врв од стрела



Сл.11 Бронзена малоазиска фибула

Заклучни согледувања и предлози

Со овогодинешните истражувања во Горна Струма во областа на Перник, констатирани се поголем на археолошки локалитети кои припаѓаат на развиеното железно време 8- 6 век пред н.е. Со првичните анализи на откриените предметите (керамика и метал), сместени во постојаната археолошка поставка и во депото на Регионалниот Историски Музеј во Перник во Р.Бугарија, сите откриени и регистрирани локалитети од железнодпскиот период, во регионот на Перник, не влегуваат во рамките на пајонската култура.

За идната година, предвидуваме продолжување на проектот во регионот на Дупница и на Благовеград.

Изготвил

Раководител

Проф.д-р Трајче Нацев